Burlövs
kommun

Makedonska

# Настава на мајчин јазик во општината Бурлов

## Зошто е битно за твоето дете да посетува настава по мајчин јазик?

Меѓународните истражувања во областа на образованието, вклучувајќи ги и познатите истражувачи Џим Каминс, Офелија Гарсија и Гудрун Свенсон, го поддржуваат фактот дека учениците со добро развиен мајчин јазик имаат подобри успеси во училиштето и воедно побрзо го учат шведскиот јазик. Добро развиен мајчин јазик обезбедува добри услови за учење на шведскиот јазик, но исто така и при учење други предмети и јазици.

Мајчиниот јазик има големо значење за развојот на јазикот, идентитетот, развојот на детето како личност и исто така и за развојот на размислување кај децата. Целта на наставата е да се овозможи на вашето дете да се развива во својот јазик и да го запознае подобро.

## Кој има право на изучување на мајчиниот јазик?

Еден ученик чии старатели зборуваат друг јазик освен шведски има право на настава на својот мајчин јазик доколку тој е секојдневниот јазик на ученикот во домот и ученикот има основни познавања на јазикот. Односно, ученикот не е почетник во тој јазик.

Важно е да се забележи дека ученикот може да изучува само еден јазик како мајчин јазик, независно од бројот на јазиците кои ги зборува како мајчин јазик.

Наставата на мајчин јазик во националните јазици на малцинствата, како фински, јидиш, мејнкиели, ромски и самиските јазици, треба да се нуди дури иако јазикот не е секојдневниот јазик на ученикот во домот. Посвоените деца имаат исто така право на настава на мајчин јазик. Ова важи дури и ако јазикот не е секојдневниот јазик на ученикот во домот.

## Работи за кои учениците треба да бидат способни помеѓу другото во мајчиниот јазик се:

### Основно училиште од 1-во до 3-то одделение

- Ученикот може да ги разбере едноставни упатства, како и кратки и едноставни дијалози прилагодени на возраста на ученикот.
- Ученикот може да изговори стандардни изрази на мајчин јазик.
- Ученикот ги познава буквите на јазикот.

### Основно училиште од 4-то до 6-то одделение

- Ученикот има добро развиен пасивен и активен речник и знаење прилагодени на нивната возраст.
- Ученикот може да се претстави на својот мајчин јазик на едноставен начин и да раскаже за секојдневни работи како семејство, училиште, интереси.
- Ученикот може да ги чита едноставните, прилагодени на возраст текстови и стандардни изрази.
- Ученикот може да пишува кратки текстови.

### Основно училиште од 7-мо до 9-то одделение

- Ученикот може да се изразува усно на својот мајчин јазик.
- Ученикот може да чита различни текстови со јазик прилагоден за неговата возраст и да ја разбира содржината.
- Ученикот може да пишува различни видови на текстови.



## Настава на мајчин јазик во училиште

Една општина е задолжена да организира настава на мајчин јазик, ако во општината постои група од најмалку пет ученици во основното училиште и ако може да се најде соодветен учител. За малцинските јазици романи, чиб, фински, самиски, јидиш и меанкиели, наставата се организира за секој пријавен ученик.

Целта на општината Бурлов е сите учители по мајчин јазик да имаат лиценца.

Наставата на мајчин јазик се организира после училишното време, или после завршувањето на нивните редовни часови и може да се оддржи во друго училиште во општината различно од она кое го посетува ученикот.

## Пријавување

Пријавувањето се врши од страна на родителот преку е-услуга за мајчин јазик.

e-tjanster.burlov.se/modersmalsansokan

Во подготовка за новата учебна година, апликации за деца од припремна група треба да се доставаат најдоцна до 1-ви мај.

Ние би сакале сите нови апликации за ученици од 1-9 одделение да се доставаат пред 1-ви мај, но прифаќаме апликации преку целата година.

## Присуство на часови и отсуство од часови

Предметот изучување на мајчин јазик е опционален, но од моментот кога барањето за настава на мајчин јазик е одобрено тогаш е задолжително за ученикот да биде присутен на часови. Одсуството се пријавува кај учителот по мајчин јазик од страна на родителите преку смс, е-пошта или преку V-klass.

## Оценка

Оценки се пишуваат на учениците од 6-9 одделение и исто така на учениците во средното училиште. Во критериумите за оценување на предметот се опишуваат барањата за добивање на одредена оценка. Ученикот кој ризикува да не достигне најмалку оцена Е добива информации испратени до неговиот / нејзиниот старател во одредено доволно време пред оценувањето. Мислењата и проценките се даваат еднаш во секој семестар, независно кое одделение е ученикот.

Burlövs kommun




# Vklass

## Најавување

Најавувањето се прави со корисничко име и лозинка преку апликацијата или иконата за Vklass преку:
***burlov.se/skolportal***

Vkass се користи како информативен канал за директорите и учителите во општината.

Како родител, можете да ги видите оценките и резултатите на ученикот пред неговата средба за напредок. Често закажувањето на средбата за напредок се прави преку Vklass.

## Календар/шема

Овде се наоѓа учебниот распоред или шема на вашето дете, вклучувајќи ги другите активности како домашни задачи, задачи, испити, слободни денови, закажани консултации, излети, планови и тематски области на кои вашите деца работат моментално.

## Комуникација

Комуникацијата со училиштето се одвива преку е-пошта. Кога ќе испратите порака преку функцијата, таа ќе биде испратена како е-пошта до примачот, кој потоа може да ви одговори преку истата. Затоа е важно да имате регистрирана е-пошта во Vklass.

## Пријавување на одсуство

Стандардната опција е да го пријавите одсуството за цел ден (означено како денес, денот од денешниот датум). Доколку сакате да пријавите одсуство за друг период, на пример поради посета на заболекар во еден дел од текот на денот, можете да изберете “Друг период”.

# Школски портал /Skolportalen

На страницата ШКОЛСКИ ПОРТАЛ/ SKOLPORTALEN, како родител ќе најдете колекција на линкови до системите кои ги користите за да го следите учебниот напредок на вашето дете, пријавувањето на одсуство и ред други работи. На порталот на училиштето има и линкови преку кои брзо ќе дојдете до информации за менијата во кантината, учебните периоди и периодот со слободни денови/одмори.

***burlov.se/skolportal***